Врз основа на член 52-а став (1) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011 и 53/2011), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
за формата и содржината на известувањето за неодлучување по поднесена жалба

(“Службен весник на Република Македонија“ бр.73/11)

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на известувањето за неодлучување по поднесена жалба во рокот утврден во членот 52 став (2) од Законот за даноците на имот.

Член 2

Известувањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „ Известување за неодлучување по поднесена жалба “ кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образцот е со формат А4 кој содржи: во горниот лев агол назив на органот до кој се поднесува известувањето, број и датум, во средишниот дел назив на известувањето, име и презиме односно назив на подносителот на известувањето, адреса на живеење односно седиште на подносителот на известувањето, краток опис поради што се поднесува известувањето и место за потпис на подносителот на известувањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

___________ 2011 година м-р Зоран Ставрески

Скопје

ПРИЛОГ

ДО ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
СКОПЈЕ

Број:___________________
Датум:_________________

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

поради неодлучување по поднесена жалба

_____________________________________________________________________________________
(име и презиме / назив на подносител на барањето)

_____________________________________________________________________________________
(адреса на живеење/седиште на подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува известувањето:**

Молам, Државниот управен инспекторат во рокот утврден во член 52-а став (2) од Законот за даноците на имот да изврши надзор во Министерството за финансии заради неодлучување по жалба под број _______________ поднесена на ден ______________________ година, против Решението за утврдување на данок на _________________________________бр.________________на ден ____________________година чија копија ја доставувам во прилог.

**Подносител на известувањето**

___________________________________________